Краток преглед на онлајн презентација

Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Шопинг и електронско банкарство



Шопингот и електронското банкарство можат да ви го направат животот полесен, бидејќи ви овозможуваат модерни погодности и ви помагаат да избегнете да чекате во редици и да заштедите време. Можете да купувате производи, да пренесувате пари и да плаќате сметки од компјутер или од мобилен уред, со што имате поголем избор и слобода без оглед дали се наоѓате дома или надвор. Почитувајте ги нашите совети за шопинг и електронско банкарство и уживајте во големиот број придобивки што ви ги овозможува интернетот.

## Како да купувате онлајн

Милиони Австралијци претпочитаат да купуваат онлајн и постојат голем број причини за тоа:

- може да ви заштеди време и да ви овозможи погодност да купувате секаде 24/7
- лесно е да разгледувате производи и да ги споредувате цените
- имате пристап до поголем избор производи што можеби не се достапни во продавниците
- критиките помагаат да донесете информирани одлуки.



И покрај тоа што шопингот има многу придобивки, треба да бидете претпазливи!

## Користете интернет-страници и услуги за плаќања

Пред да ги внесете вашите лични податоци или податоците за плаќање онлајн, треба да проверите колку е безбедна конкретната интернет-страница. Треба да проверите:

- дали покрај адресната лента на интернет-страницата има катанец или дали УРЛ-адресата почнува со „https“ наместо „http“. Ова значи дека локацијата е побезбедна од некои други интернет-локации
- ознаките за доверба или печатите значат дека локацијата исполнува барања за безбедност и приватност (на пример, „McAfee secure“ или „Norton“).

Кога вршите електронски плаќања, плаќајте за производи користејќи само безбедни методи за плаќање, како што се PayPal, BPay или вашата кредитна картичка. Користењето на кредитни картички може да ја минимизира опасноста кога купувате електронски, бидејќи тие даваат поголема заштита и олеснуваат да си ги вратите парите назад ако нешто не е во ред.

Никогаш не плаќајте преку директен банкарски депозит, пренос на средства или дури методи за плаќање (Bitcoin).

**Запомнете:** без оглед како плаќате, не заборавајте да ги задржите е-пораките со потврдата за плаќањето и проверете ги банкарските изводи за да видите дека ви бил наплатен правилниот износ.

## Користете проверени продавачи

Разгледајте ги добро интернет-страниците за шопинг пред да купите и претпочитајте добро познати, проверени продавачи. Побарајте ги критиките од други клиенти и дознајте каде се наоѓа седиштето на интернет-страницата. И покрај тоа што продавачите во странство треба да бидат во сообразност со Австралискиот закон за потрошувачи, некои го отежнуваат враќањето на производи. Ако продавачот е од Австралија, тогаш се наоѓате во многу подобра позиција да го решите проблемот ако нешто не е во ред.

## Прочитајте ги условите и одредбите

Пред да купувате, прочитајте ги ситните букви вклучувајќи ги гаранцијата, враќањето пари, поплаките и ракувањето. Запознајте се со политиките на продавачот за откажување и враќање и најдете ги клучните информации што можеби ви требаат, на пример, кој плаќа за повратна испорака, дали продавачот ви го враќа целиот износ или добивате кредит во продавницата и колку долго трае рокот за враќање. Овие информации вообичаено се наоѓаат во долниот дел на интернет-страницата.

## Внимавајте на измами од лажни електронски продавници

Измамите од лажни електронски продавници вклучуваат измамници коишто се претставуваат дека се законски електронски продавачи со лажна интернет-страница или со лажна реклама на вистинска продажна локација. Не заборавајте дека измамниците:

- често прифаќаат само плаќања во облик на плаќања преку дознака, телеграфски пренос, меѓународен пренос на пари, однапред платени картички или електронска валута како што е Биткоин
- не даваат детали за контакт или имаат ограничени информации за испорака и други политики
- често продаваат производи по цени што се премногу добри за да бидат вистински
- често имаат многу нови електронски продавници со само неколку критики
- често имаат негативни критики.

Најдобар начин да детектирате лажен трговец или шопинг-измама на социјалните мрежи е да пребарате критики пред да купите нешто.

# Банкарство преку интернет

Некои Австралијци сè уште одат во нивната банка за да вршат плаќања, но плаќањето преку интернет станува сè попопуларно. Лесно е да сфатите зошто, кога електронското банкарство може:

- да ви заштеди реме, бидејќи нема потреба да патувате или да стоите во долги редици,
- да ви овозможи практично да ги плаќате сметките, да имате пристап до вашата сметка и да плаќате сметки во секое време од денот или неделата
- да ви заштеди пари со снабдувачи кои даваат попуст за директни дебитни плаќања
- да имате запис од сите сметки што сте ги платиле онлајн за да ги наоѓате лесно
- да имате целосна контрола врз вашите сметки, што ви овозможува да ги вршите сите трансакции самостојно и да гледате ажурирани информации.

Банките имаат софистицирани безбедносни системи за да обезбедат дека парите се безбедни кога вршите електронски купувања, но сепак постојат нешта што можете да ги правите за да ви помогнат вашите пари да бидат безбедни.

## Создавајте уникатни силни лозинки

Користете силни лозинки, така што на другите да им биде тешко да ја погодат вашата лозинка и да добијат пристап до вашите лични податоци. Тие не треба да бидат збор што лесно се препознава и треба да имаат најмалку 12 знака, со мешавина од букви и бројки, големи и мали букви и знаци. Не користете ја истата лозинка за сè и не заборавајте да ги менувате редовно. не дозволувајте вашиот интернет-прегледувач да го складира вашето корисничко име и лозинките за електронско банкарство.

**Совет:** употребете некој израз, стихови од песна или извадок од некоја книга или поема што ги сакате. На пример, песната „You Can't Always Get What You Want“ од Ролинг Стоунс од 1960 година, би можела да ви помогне да создадете лозинка што лесно можете да ја помнете, како што е: ycagwyw. За да ја направите лозинката посилна, можете да ги направите некои букви големи, да додадете неколку бројки и специјални знаци или интерпункциски знаци.

На пример, ако ги направите големи првата и последната буква, ако ја додадете деценијата во која песната беше објавена и еден специјален знак, ќе добиете: 6YcagwyW60$*. Ова е многу посилна лозинка што сепак ќе ја помнете.

Бидете внимателни и не употребувајте нешто друго што на другите би им било лесно да го погодат, на пример, вашиот роденден.



## Активирајте автентикација со повеќе фактори

Автентикацијата со повеќе фактори (MFA) понекогаш наречена автентикација со два фактори или 2FA ѝ дава на вашата сметка дополнително ниво на безбедност. Таа помага вашата сметка да се заштити така што ќе се бара корисничкото име и лозинката и најмалку уште една безбедноста проверка до која што само вие можете да имате пристап, на пример безбедносен код. На пример, вашата банка може да ви прати таен безбедносен код на мобилниот телефон. Треба да го употребите кодот за да го одобрите дејството што го вршите во текот на банкарската сесија, на пример, ако вршите плаќање.

## Користете банкарски услуги само на безбедни локации

Како и кај онлајн-купувањето, барајте ги буквите „https“ на почетокот на адресната лента, а тие ви покажуваат дека се наоѓате на побезбедна страница и секогаш одјавувајте се од вашата сметка кога ќе завршите. Исто така, избегнувајте да користите јавен компјутер или јавна Wi-Fi-мрежа за да вршите банкарски плаќања.



## Бидете сигурни дека вашиот уред е ажуриран.

Користете антивирусен софтвер како што е McAfee или Norton. Вклучете ги автоматските ажурирања за оперативните системи и апликациите (на пример, за интернет-прегледувачите). Новите верзии на оперативните системи и апликациите обично имаат нови безбедносни фунцкии.

## Внимавајте на измамниците

Измамите за кражба на идентитет се користат за кражба на вашите пари, така што некој обидува да ве измами за да ги откриете личните податоци, како што се банкарската сметка или деталите на кредитната картичка, корисничките имиња и лозинките. Вашата банка никогаш нема да ви бара да ги „потврдите“ или „проверите“ вашите податоци по текст или е-пошта. Ако добиете порака од банка, владина организација или претпријатие што изгледа официјално, никогаш не користете ги деталите за контакт што се наоѓаат во пораката. Контактирајте со нив директно, така што ќе ги најдете нивниот телефонски број или адресата на е-пошта пребарувајќи на интернет.

## Совети за безбедно користење на јавни Wi-Fi-мрежи

Никогаш не треба да користите јавни компјутери или јавни Wi-Fi-мрежи за да вршите банкарски трансакции, електронски плаќања или за да пополните образец во кој треба да внесете лични податоци. Компјутерите и Wi-Fi-мрежите што можете да ги користите во некои библиотеки, аеродроми и други јавни места може да бидат небезбедни и постои веројатност дека некој може да ги види вашите финансиски податоци или деталите за најавување.

Бесплатните Wi-Fi-мрежи може да се употребуваат за пристап до интернет и за да ги видите најновите вести или за да правите нешта за кои не е неопходно да ги внесувате вашите лични податоци.

# Можете да најдете помош кога ви треба

Кога нешто не оди онака како што сте планирале, во секое време постои некој кој може да ви помогне.

## Онлајн-купување:

1. Најпрво, контактирајте со онлајн-продавачот или со веб-страницата.
2. Ако не можете да го решите проблемот директно со онлајн-продавачот, вашата локална или територијална агенција за заштита на потрошувачите (понекогаш наречени „потрошувачки прашања“ или „фер тргување“) може да ви обезбеди информации за вашите права и опции. Исто така, тие можеби можат да ви помогнат во преговорите за спогодба меѓу вас и продавачот.
3. Ако се сомневате дека сте биле измамени:
    - контактирајте со вашата банка или финансиска институција за да запрат да вршат секакви други плаќања на измамникот.
    - ако сте биле жртва на киберзлосторство и сте загубиле пари онлајн, можете да го пријавите тоа во полицијата преку ReportCyber или посетете ја: cyber.gov.au
    - ако сте загрижени дека вашите лични податоци биле откриени или злоупотребени, контактирајте со Австралиската служба за национален идентитет и кибер-поддршка (Australia’s National Identity and Cyber Support Service - IDCARE) на 1300 432 273 или idcare.org
    - пријавете ја измамата кај Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи (ACCC) на scamwatch.gov.au/report-a-scam Ова помага да се предупредуваат луѓето за тековни измами, да се следат тенденциите и да се спречат злосторствата кога е можно.

**Совет:** ACCC има алатка за електронска поплака што можете да ја користите за да составите писмо или е-пошта за продавачот.

## Онлајн-банкарски услуги:

веднаш контактирајте со вашата банка или финансиската институција ако забележите невообичаени трошоци, подигања средства или други активности на вашата сметка.

# Најдете време да ја разгледате веб-локацијата Be Connected

Be Connected е една богата интернет-локација со бесплатни ресурси, специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци да се поврзат безбедно на интернет и со самодоверба да вршат навигација низ дигиталниот свет. Исто така, локацијата е корисна за семејствата и организациите во заедницата што сакаат да им помогнат на постарите лица да пристапат до сите придобивки од интернетот.




**Visit beconnected.esafety.gov.au**

Australian Government | eSafety Commissioner

Оваа програма беше изведена од eSafety како дел од иницијативата „Be Connected“.